Republic of Macedonia
**Ministry of finance**

ПРОЕКТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ - МСИП
(ИБРД 8158МК, ИБРД 8561МК и TF018812 )
ИДЕНТИФИКАЦИСКИ БРОЈ НА ПРОЕКТ : P096481 и P154464

## ОГЛАС ЗА МЕНТОРСТВО
## НА ПРОЕКТОТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ОПШТИНСКИТЕ УСЛУГИ - MSIP

Владата на Република Македонија доби заем од Меѓународната банка за обнова и развој - Светска банка и грант финансиран со средства од ИПА претпристапната помош на Европската Унија за имплементација на Проектот за подобрување на општинските услуги. Проектот има за цел да ги подобри перформансите на урбаните економии и квалитетот на управувањето на општинско ниво преку обезбедување на финансиска и советодавна поддршка на повеќе селектирани општини во делот на општинското планирање и управување и обезбедување на поквалитетни комунални и општински услуги.

Со цел успешна имплементација на Проектот за подобрување на општинските услуги, Министерството за финансии има потреба од ангажирање на поединци кои преку менторство и работа на проектот ќе стекнуваат знаења. За ангажманот не е предвиден никаков вид на надомест.

Целта на менторството е да овозможи на млада невработена личност можност за едно месечно работно искуство во динамична канцелариска средина. Тој/таа ќе биде менториран на дневна основа и ќе биде ангажиран(а) на оперативни, логистички и програмски активности. Менторираниот/ата ќе придонесе кон успешно реализирање на планираните активности и истовремено ќе стекне нови лични знаења и вештини преку спроведување на професионални работни обврски.

**Главни одговорности:**

- Поддршка во организирање и спроведување на активности, состаноци и останати настани;
- Поддршка во подготовка на материјали;
- Ажурирање на бази со податоци;
- Превод на документи од/на англиски и македонски;
- Поддршка при маркетинг промоција
- По потреба, спроведување на останати програмски и проектни активности.

**Потребни способности и вештини:**

- Одлични комуникациски способности
- Организациски способности
- Мотивирана и стабилна личност
- Иницијативност и тимски дух
- Флексибилност за повремено патување и работа на терен

**Очекувани квалификации:**

- ВСС од областа на економија, право, новинарство, односи со јавност, технички науки или сродни области;
- Претходно работно искуство не е потребно
- Флуентен англиски јазик, писмена и усна комуникација
- Работно користење на компјутер – MS office
- Основно познавање на маркетинг на социјални медиуми (Facebook, Twitter, Instagram LinkedIn)

Сите заинтересирани кандидати може да испратат апликација со Професионална биографија на tanja.tomic@finance.gov.mk со назнака за “Менторство” најдоцна до **13-ти август 2019** до **16:30 часот.**